**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр.** 03-64
16.02 **2023 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20 и 77/21), а во врска со член 92 ставови 1 и 3 од истиот Закон, точка 6 и точка 14 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) арх.бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-460/1 од 27.01.2023 година и Заклучокот арх.бр.02-735/4 од 15.02.2023 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 5-та седница одржана на 15.02.2023 година, го донесе следното

**Решение**
**за преземање мерка – јавна опомена**

1. ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА Трговското радиодифузно друштво (ТРД) ДИБРА ТВ ДООЕЛ Дебар, заради извршена повреда на член 92 ставови 1 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ), на начин што радиодифузерот во рамките на својот телевизиски програмски сервис, на 16 јануари 2023 година, не емитуваше најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, ниту пак најмалку половина од законскиот минимум изворно создадена програма како македонски аудиовизуелни дела, го емитуваше во периодот од 7,00 до 19,00 часот.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-460/1 од 27.01.2023 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на ТРД ДИБРА ТВ ДООЕЛ Дебар, во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на ова Решение да го усогласи своето работење со одредбите од ЗАВМУ.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата).

**О б р а з л о ж е н и е**

Агенцијата врз основа на член 28 од ЗАВМУ е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата презема мерка - решение за јавна опомена во случаите кога е извршена повреда или прекршување на одредбите од ЗАВМУ и подзаконските акти донесени врз основа на истиот Закон, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата.

Во точка 14 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка, утврдено е дека за констатираните прекршувања во

тековната година, за кои веќе биле изречени мерки во претходната година, Советот на Агенцијата повторно ќе изрече мерка јавна опомена според роковите утврдени во Упатството.

Согласно член 92 став 1 и 3 од ЗАВМУ, трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзуваат дневно да емитуваат најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудио или аудиовизуелни дела, а јавниот радиодифузен сервис најмалку 40%. Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзани најмалку половина од обврските утврдени во ставот (1) на овој член да ги остварат во периодот од 7,00 до 19,00 часот.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата преку Секторот за програмски работи, на 27 јануари 2023 г., изврши контролен програмски надзор (мониторинг) на телевизискиот програмски сервис на ТРД ДИБРА ТВ ДООЕЛ Дебар, емитуван на 16 јануари 2023 г., на локално ниво, при што констатираше дека радиодифузерот не постапил по решението за изрекување мерка – јавна опомена Уп1 03-357 од 29.11.2022 г., односно не ја отстранил извршената повреда на членот 92 ставови 1 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Имено, со надзорот е констатирано дека на 16 јануари 2023 г., телевизискиот програмски сервис на ТРД ДИБРА ТВ ДООЕЛ Дебар, емитуваше 3 часа 22 минути и 2 секунди програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, што е 14.07% од вкупно емитуваната програма во текот на денот која влегува во пресметка за изворно создадена програма (23 часа 56 минути и 16 секунди). Законскиот минимум од 30% за емитување изворно создадена програма во текот на еден ден, во однос на вкупно емитуваната програма на 16 јануари 2023 г. што влегува во пресметка за изворно создадена програма (23:56:16), е 7 часа 10 минути и 52 секунди. ТРД ДИБРА ТВ ДООЕЛ Дебар емитуваше за 3 часа 48 минути и 50 секунди помалку програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела. Половина од законскиот минимум (од 07:10:52) е 3 часа 35 минути и 26 секунди програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, колку што најмалку требало да биде емитувана на програмата на ТРД ДИБРА ТВ ДООЕЛ Дебар, во периодот од 7:00 до 19:00 часот. Во овој период, како што е констатирано со надзорот, емитувани се 2 часа 36 минути и 35 секунди изворно создадена програма како македонски аудиовизуелни дела, што во оваа ситуација е за 58 минути и 51 секунда помалку од потребниот минимум.

Повредата од точка 1 од ова Решение, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-460/1 од 27.01.2023 г., кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Согласно член 23 став 3 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата до ТРД ДИБРА ТВ ДООЕЛ Дебар на 30.01.2023 г., испрати Допис арх.бр.10-460/2 од 30.01.2023 г., со кој му го достави Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-460/1 од 27.01.2023 г., со цел во рок од 7 (седум) работни денови од денот на приемот на дописот, до Советот на Агенцијата да достави изјаснување во писмена форма за стореното прекршување на одредбите од ЗАВМУ. Дописот беше уредно примен од страна на радиодифузерот на 01.02.2023 година. Во предвидениот рок, ТРД ДИБРА ТВ ДООЕЛ Дебар не се изјасни за стореното прекршување на Законот. Советот на Агенцијата на седницата одржана на 15.02.2023 г., го разгледа предметниот Писмен извештај и заклучи на ТРД ДИБРА ТВ ДООЕЛ Дебар да му се изрече мерка – јавна опомена.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, а во врска со член 92 ставови 1 и 3 од истиот Закон, точка 6 и точка 14 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст), Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-460/1 од 27.01.2023 г., поради констатирано непочитување на одредбите од ЗАВМУ, утврдено во точка 1 на ова Решение, Советот на Агенцијата на 5-та седница одржана на 15.02.2023 г., согласно Заклучокот арх.бр.02-735/4 од 15.02.2023 г., донесе Решение со кое јавно се опоменува ТРД ДИБРА ТВ ДООЕЛ Дебар и му се наложува, во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од ЗАВМУ. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од ЗАВМУ, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд.

Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-460/1 од 27.01.2023 г.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Совет,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**

- ТРД ДИБРА ТВ ДООЕЛ Дебар;
-Управителот на ТРД ДИБРА ТВ ДООЕЛ Дебар;
-Одговорното лице на програмата во ТРД ДИБРА ТВ ДООЕЛ Дебар;
-Секторот за правни работи и јавни набавки;
-Секторот за програмски работи; и
-Назначените лица во Агенцијата за водење на уписникот Уп1.

До: д-р Зоран Трајчевски, директор
на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19) и Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20 и 77/21), се доставува:

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ - СКОПЈЕ
Republika e Maqedonisë së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE - SHKUP

| Примено / Pranuar: 27-01.2023 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njesia org. | Број Numer | Прилог Shtese | Вредност Vlere |
| 10 | 460 | 1 | |


## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** контролен

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ДИБРА ТВ ДООЕЛ Дебар

3. **Период опфатен со надзорот:** 16 јануари 2023 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 27 јануари 2023 година

5. **Предмет на надзорот:**

- **Член 92 ставови 1 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзуваат дневно да емитуваат најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудио или аудиовизуелни дела, а јавниот радиодифузен сервис најмалку 40%. Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзани најмалку половина од обврските утврдени во ставот (1) на овој член да ги остварат во периодот од 7,00 до 19,00 часот.)

6. **Претходно изречена мерка:**

*На 29 ноември 2022 година, за непочитување на членот 92 ставови 1 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе решение за преземање мерка - јавна опомена (Уп1 бр. 03-357 од 29 ноември 2022 година) на Трговското радиодифузно друштво ДИБРА ТВ ДООЕЛ Дебар.*

*Со изречената мерка му наложи на радиодифузерот во рок од 30 дена од денот на приемот на решението (01.12.2022 година) да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

7. **Констатации од надзорот:**

Со контролниот програмски надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ДИБРА ТВ ДООЕЛ Дебар, емитуван на 16 јануари 2023 година, на локално ниво, **констатирано е дека радиодифузерот не постапил по**

**решението за изрекување мерка – јавна опомена, односно - не ја отстранил извршената повреда на членот 92 ставови 1 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.** (*Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзуваат дневно да емитуваат најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудио или аудиовизуелни дела, а се обврзани и најмалку половина од законскиот минимум (од 30%) програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, да ја емитуваат во периодот од 7,00 до 19,00 часот*).

Со надзорот е констатирано дека на 16 јануари 2023 година, телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ДИБРА ТВ ДООЕЛ Дебар, емитуваше 3 часа 22 минути и 2 секунди програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, што е **14.07%** од вкупно емитуваната програма во текот на денот која влегува во пресметка за изворно создадена програма (23 часа 56 минути и 16 секунди). Законскиот минимум од 30% за емитување изворно создадена програма во текот на еден ден, во однос на вкупно емитуваната програма на 16 јануари што влегува во пресметка за изворно создадена програма (23:56:16), е 7 часа 10 минути и 52 секунди. ТВ Дибра емитуваше за 3 часа 48 минути и 50 секунди помалку програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела.

Половина од законскиот минимум (од 07:10:52) е 3 часа 35 минути и 26 секунди програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, колку што најмалку требало да биде емитувана на програмата на Трговското радиодифузно друштво ДИБРА ТВ ДООЕЛ Дебар, во периодот од 7:00 до 19:00 часот. Во овој период, како што е констатирано со надзорот, емитувани се 2 часа 36 минути и 35 секунди изворно создадена програма како македонски аудиовизуелни дела, што во оваа ситуација е за 58 минути и 51 секунда помалку од потребниот минимум.

**8. Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на член 92 ставови 1 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**, телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ДИБРА ТВ ДООЕЛ Дебар на 16 јануари 2023, не емитуваше најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, ниту пак најмалку половина од законскиот минимум изворно создадена програма како македонски аудиовизуелни дела, го емитуваше во периодот од 7,00 до 19,00 часот.

**9. Предлог мерка:**

И покрај решението за изрекување мерка јавна опомена донесено на 29.11.2022 година, Трговското радиодифузно друштво ДИБРА ТВ ДООЕЛ Дебар не ја отстрани повредата, односно продолжи со вршење на истата повреда на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Оттаму:

- Во согласност со членот 23 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр. 01-4139/1 од 07.11.2022 година, Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на Трговското радиодифузно друштво ДИБРА ТВ ДООЕЛ Дебар, и во согласност со точката 6 од Упатството, да му наложи во рок од 20 дена (дваесет)

од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги; и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

*Сектор за програмски работи*